Дневни биултени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 23.07.2023

Денеска (23.07.2023) во 01.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Т.(25) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени таблети „екстази". По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (23.07.2023) во 02.00 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.З.(40) од кумановско, затоа што кај него била пронајдена и одземена пушачката материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (23.07.2023) во 01.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.И.(33) од Скопје, затоа кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (23.07.2023) во 02.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ј.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Полициски службеници од Единицата за внатрешни работи Чаир извршија службен разговор со Р.О.(29) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". Имено, на 18.07.2023 околу 17.50 часот во трговски центар на подрачјето на Центар, приграбиле одаел таблет и мобилен телефон од еден лице. Предметите биле пронајдени и вратени на оштетеното. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветна кривична пријава.

На 22.07.2023 во 11.30 часот на Граничниот премин Кафасани, бил лишен од слобода Е.Л.(35) од Р.Албанија, поради тоа што за него била распишана меѓународна потерница да Интерпол-Белгија. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

Полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Прилеп, при СВР Битола, во рамки на активноста од проектот „Безбедно лето 2023" во текот на миноината ноќ до раните утрински часови (22/23.07.2023), односно во периодот од 21.00 до 03.00 часот спроведа акциска контрола за присуство на малолетни лица во спортски облекувалници, казина и на јавни простори после полноќ. Притоа, беа извршени контроли во 22 спортски обложувалници, 10 казина и еден угостителски објект, како и контрола на парковите во централното градско подрачје на Прилеп, при што биле затекнати 13 малолетници без надзор на родител после 24.00 часот и тие биле предадени на нивните родители, по што се следат соодветни поднесоци. Иднаку и во Битола ноќва околу 01.00 часот од страна на полициски службеници при СВР Битола во близина на месноста „Јени Џамија" биле затекнати лицата З.И., Г.М., Љ.М. и С.Ц., сите од Битола, кои што непристојно се однесуваа на јавно места. Истите биле лишени од слобода и ќе следуваат соодветни поднесоци. Исто така, во угостителски објекти на подрачјето на Битола со инструмент фонометар била вршена проверка на јачината на бучавата, при што бил констатиран прекршок во угостителски објект во централното градско подрачје и ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 168 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 48 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за управување под дејство на алкохол. Изречени се осум мерки за некористење на сигурносен појас, седум санкции за користење на мобилен телефон и пет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло.

На 22.07.2023 во 17.45 часот било пријавено дека на излез од Градските гробишта во Прилеп, Е.М.(33) од Прилеп, управувајќи motoд „соник" со прилепски регистарски ознаки, изгубила контрола и паднала на коловозот. Во несреќата таа се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

Вчера (22.07.2023) во периодот од 08.00 до 14.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкциониран се 91 возач. Од нив 65 возачи ја пречекорале брзината во населено место, а 26 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 22.07.2023 во 21.40 часот било пријавено дека на магистралниот пат Струмица–Радовиш, на делницата од С.Владевци до С.Радичево, се случила сообраќајна несреќа помеѓу трактор „мит-533" со полуприколка без регистарски ознаки, управуван од Б.К.(42) од С.Зleово, радовишко и патничко возило „мерседес" со стружнички регистарски ознаки, управувано од Ж.Е.(48) од С.Радичево, стружничко. Во несреќата се тешко телесни повреди се здобили возачот на патничкото возило, а со телесни повреди се здобила неговата сопатничка А.Е.(44) од истото село, констатирани во Општата болница Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

Полициските службеници на СВР Тетово ноќеска (23.07.2023), во периодот од 00.00 до 05.00 часот спровеле контрола на возачи - дали и колку од них управуваат под дејство на алкохол, при што бил констатиран вкупно 21 прекршок (ТЕ-13 и ГВ-8). Од контролираните, кај 1 (ГВ) измерени се над 2 промили алкохол во организмот. Сите возачи-прекршители веднаш се исклучени од сообраќај и времено им се одземени нивните возачки дозволи, а изготвени им се и законски предвидените поднесоци. Глобите за овој вид прекршок согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, зависно од степенот на констатираната алкохолизираност, се движат од 225 до 375 евра во денарска противвредност, со мерка - одземање на возачките дозволи од три месеци до една година.

На 22.07.2023 во 20.40 часот било пријавено дека на регионалниот пат. с.Пршовце - с.Згуновце се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел астра", управувано од З.Б.(54) од с.Копаниќе, тетовско и патничко возило „форд", управувано од З.М.(63) од с.Старо Село, тетовско, двете со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото „форд", М.Т.(56) од с.Старо Село, а со телесни повреди се здобила уште една сопатничка од истото возило, С.М., констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 22/23.07.2023 во временскиот период од 23.00 до 04.00 часот во рамки на оперативниот план „Безбедно лето 2023" акциска контрола била извршена од полициски службеници на СВР Скопје во угостителски објекти и казина на подрачјето на Центар, Кисела Вода и Аеродром, при што извршени се прегледи на 20 лица, а констатиран е еден прекршок од Законот за приватно обезбедување.

На 22.07.2023 во 19.00 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Единица за внатрешни работи – Одделение за криминалистички работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Р.Б.(24) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба" во автобус. Имено, на 21.07.2023 во близина на скопската тврдина Кале приграбиле го погоден алат насилно ја отворил вратата од паркиран патнички автобус со турски национални ознаки и одаел разни предмети. Со него бил извршен службен разговор, а дел од одземените предмети биле пронајдени и ќе бидат вратени на оштетените. По целосно документирање на случајот ќе следи кривична пријава.

На 22.07.2023 од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција лишен е од слобода малолетник, поради основано сомнение дека заедно со други пет малолетници од нас. Шуто Оризари и Топанско Поле на 08.05.2023 на паркинг простор во нас. Автокрадија извршиле кривично „тешка кражба", при што со употребен на алат скршиле стакла на шест возила и одаеле предмети. Тој е приведен во Полициско одделение Шуто Оризари, каде во присуство на родител, адвокат и инспектор по малолетници е извршен службен разговор во врска со кривичното дело. Во криминалот период службени разговори беа извршени и со петте други малолетници кои учествувале во извршувањето на ова кривично дело, и по целосно документирање на случајот ЕВР Гази Баба ќе поднесе соодветен поднесок.

Денеска (23.07.2023) во текот на раните утрински часови, поточно во периодот од 00.00 до 05.00 часот на подрачјето под надлежност на Секторот за внатрешни работи Битола беше спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата откриени и санкционирани се 19 возачи кои што управуваат возила со недозволено количество алкохол. Дополнително, во текот на контролите евидентирани се уште 29 возачи за основ на утврдени други прекршоци согласно Законот за безбедност во сообраќајот кои биле санкционирани.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.И(44) од Велес, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и против Т.П.(48) од Велес, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". Имено М.И. набавил хероин со цел понатамошна продажба на корисници, а на 22.05.2022 во Велес, од полициски службеници приграбените се затекнати при купопродажба на дрога, а при извршен преглед во возилото на Т.П. пронајден е и одземен хероин.

На 23.07.2023 во 03.00 часот во Велес полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Д.Д.(37) од с.Никиново, поради тоа што околу 02.00 часот на патот по пешачкиот агресивно да се однесува, да го оштетува инвентарот, заканувајќи и се на вработената и по вербална расправија физичкиот нападнат друг посетител во казиното, како и полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против П.М.(27) од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотична дрога". На 05.05.2022 во Македонска Каменица, на место викано „Репетитор", приграбиле во патничко возило „голф 5" овозможил на едно лице да користи дрога, а по извршен претрес од полициски службеници кај него се пронајдени и одземени семки од канабис и марихуана.

Денеска (23.07.2023) во 01.40 часот С.Ц.(48) од Скопје приграбил дека на 22.07.2023 околу 18.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, во автобус на ЈСП, неговиот малолетен внук бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2023 во 23.40 часот било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, У.Ш.(35) од Скопје физички ја нападнал неговата 38-годишна невенчана сопруга од Р.Сибија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.07.2023 во 12.44 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во стан на подрачјето на Карпош бил пронајден починат С.Т.(50). Од страна на лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт без видливи траги на насилство. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.М.(65) од Карбинци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или експлозивни материи". На 07.10.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на приграбениот во село Ебилница, при што пронашле и одаеле повеќе куршуми различен калибар.

На 22.07.2023 во 23.45 часот на регионален пат од село Студеничани кон село Драчево, полициски службеник, додека управувал службено возило, слушнал звук, по што предното стакло на возилото пукнало. Полициски службеници од Полициската станица Драчево и увидна екипа од СВР Скопје констатирале дека оштетувањето настанало најверојатно од предмет.

На 22.07.2023 во 12.00 часот вработен во КПУ Затвор Скопје приграбил дека на 21.07.2023 околу 23.30 часот од страна на притвореникот И.А.(39) му биле упатени закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2023 во 10.00 часот било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари, по претходна расправија, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.М.(43), од една страна, и Ј.Ц.(24) и Е.Ј.(30), од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.07.2023 во 12.50 часот С.Ч.(40) од Велес приграбила дека на подрачјето на Драчево, по претходно недоразбирање во сообраќајот, била физички нападнатата од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2023 во 14.15 часот С.М.(50) од Куманово приграбил дека околу 09.00 часот во с.Спринвац, кумановско, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.07.2023) во 09.00 часот со интервенција на Територијалната противпожарна единица Струмица од водите на браната кај с.Дрвош било извлечено телото на М.П.(29) од с.Дабиле, стружничко, за кој на 16.07 2023 во 13.30 часот од страна на Итната медицинска помош било пријавено дека влегол во водите од браната, но не излегал. Извршен е увид, лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство и телото е предадено на семејството.

На 22.07.2023 во 21.20 часот Н.П.(41) од с.Подареш, радовишко, приграбил дека околу 19.30 часот во селото бил физички нападнат од А.Х., Х.Т. и И.Ф. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.07.2022) во 02.00 часот на раскрсница од ул.„Борис Кидрич" со ул.„Благоја Тоска" во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово бил приведен А.Б.(23) од с.Голема Речица, тетовско, поради тоа што агресивно се однесуваа кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.07.2023 во 21.40 часот во Кавадарци од полициски службеници од Полициската станица Кавадарци бил лишен од слобода С.С.(56) од Кавадарци, поради тоа во домот физички ја нападнал неговата 47-годишна сопруга и нивниот малолетен син. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.07.2023 во 02.00 часот Д.Б.(20) од с.Калуѓерица, радовишко и К.Д.(23) од Радовиш приграбиле дека околу 01.45 часот во Радовиш биле физички нападнати од М.А.(37) од Радовиш. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (23.07.2023) во 01.00 часот Б.М.(37) од с.Василово приграбила дека на 22.07.2023 околу 23.50 часот во селото мајданот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Ш.(25), Л.Ш.(25), В.Ѣ.(20), Е.Е.(23), А.Т.(25), М.Ц.(23), Б.Д.(19), А.Е.(26) и Л.П.(29), сите од Тетово, поради постоење основано на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.06.2022 во круг на основно училиште во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на приграбените, при што пронашле и одаеле марихуана.

На 22.07.2023 во 21.00 часот С.С.(36) од с.Ново Село, тетовско, приграбил дека на ул. „Илинденска" во Тетово, да зататкано зрно му било оштетено ветробранското стакло од неговото патничко возило „голф 5" со тетовски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.07.2023 во 02.20 часот во Радовиш полициски службеници од Полициската станица Радовиш го лишиле од слобода М.А.(37) од Радовиш, поради тоа што агресивно се однесуваа кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија, а потоа и физичкиот нападнат еден од них. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Н.М. (70) од с.Радожда, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во текот на 2023 година, приграбената во сопственоста на инвеститор започнала со градење на куќа без да ја поседува одобрение за тоа.

На 22.07.2023 во 02.45 часот во Штип полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Д.В.(43) од Штип, поради тоа што околу 02.00 часот, по претходна расправија, со остар предмет го повредил Б.Б.(43). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.07.2023 во 19.20 часот во с.Олевени, битолско, од полициски службеници бил лишен од слобода С.Ќ.(41) од с.Острец, поради тоа што попречувал полициски службеници во извршување на службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.07.2023 во 12.10 часот Г.К.(49) од Кочани приграбил дека околу 02.30 часот во Кочани неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Сајт изработен во веб-страницата на МВР е изграден по чл.251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даме Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Учет